Термински план

Терминскиот план е со важност од **01.10.2026**

	вид на трансакција / плаќање	Прием на налози		**извршување на трансакцијата / плаќањето**
		од	**до**	
1.	Интерен кредитен пренос помеѓу платежни сметки во ПејСпот МК	07:00	20:00*	Тековен ден
2.	Кредитен пренос од платежна сметка кон платежна сметка надвор од системот на ПејСпот МК	07:00	13:30	Тековен ден
3.	Кредитен пренос од платежна сметка кон платежна сметка надвор од системот на ПејСпот МК	13:30	20:00*	Следен работен ден
4.	Итен кредитен пренос од платежна сметка кон платежна сметка надвор од системот на ПејСпот МК	07:00	15:30	Тековен ден
5.	Итен кредитен пренос од платежна сметка кон платежна сметка надвор од системот на ПејСпот МК	15:30	20:00*	Следен работен ден
6.	Уплата на готовина на сопствена платежна сметка	07:00	20:00*	Веднаш / тековен ден
7.	Исплата на готовина од платежна сметка (вклучително и исплата по основ на договор со партнер)	07:00	20:00*	Веднаш / тековен ден
8.	Готовински уплати; уплати кон трезорска сметка; други уплати	07:00	13:30	Тековен ден
9.	Готовински уплати: режиски трошоци; трезорска сметка; други уплати	13:30	20:00*	Следен работен ден
10.	Итна готовинска платна трансакција за пренос кон платежна сметка надвор од системот на ПејСпот МК	07:00	15:30	Тековен ден
11.	Итна готовинска платна трансакција за пренос кон платежна сметка надвор од системот на ПејСпот МК	15:30	20:00*	Следен работен ден
12.	Уплата на дневен пазар на платежна сметка кај друг носител на платен промет	07:00	13:30	Тековен ден
13.	Уплата на дневен пазар на платежна сметка кај друг носител на платен промет	13:30	20:00*	Следен работен ден
14.	Парична дознака во земјата – PS Net	07:00	19:00	Тековен ден
15.	Парична дознака во земјата – PS Net	19:00	20:00*	Следен работен ден

Појаснувања и дефиниции

* Прифаќање на трансакции е можно и по 20:00 часот, доколку работното време на агентот (за уплата и/или исплата) е по 20:00 часот. Трансакциите со утврден краен термин на прием до 13:30, до 15:30 или до 19:00 часот, примени по соодветниот рок, се извршуваат следниот работен ден.

– **Работен ден** е ден во кој ПејСпот МК прима платни налози согласно работното време на своите филијали или работното време на агентите на ПејСпот МК.

– **Деловен ден** е ден или дел од ден во кој ПејСпот МК овозможува извршување на платни трансакции согласно важечките правила на платните системи и овој Термински план. Во неработни денови, трансакциите/плаќањата може да се прифатат согласно работното време на агентот, а се извршуваат првиот следен работен ден, освен трансакциите што се извршуваат во рамки на системот на ПејСпот МК.

– **Време на прием на платен налог** е моментот кога ПејСпот МК го примила налогот од плаќачот.

– **Време на извршување на платниот налог** е моментот кога средствата му се ставени на располагање на примачот.

– **Итно плаќање** е плаќање со ознака на итност што се извршува согласно Терминскиот план и Општите услови.

Исклучоци

Во случај на потреба на клиент или за свои потреби, ПејСпот МК може да го пролонгира времето за давање на услугите.

Доколку настане непредвидена вонредна ситуација, која налага отстапување од временскиот распоред наведен во овој Термински план, времињата на извршување на активностите ќе се утврдат со посебна одлука.

* * *

© 2026 ПејСпот МК, сите права задржани

Формуларот се применува од денот на неговото донесување.

Марин Пиперкоски

Извршен директор